**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-53/2**
**Скопје, 12.01.2006 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА „ВРУТОК„**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на единицата на локална самоуправа Вруток за 2004 година, кои се прикажани на страните од 7 до 9.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на Општина Вруток за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Бајрам Ајрулаи, Градоначалник на општина Вруток, од 01.01.2004 година до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 6, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 12.09. до 16.09.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
- Лилјана Стојанова - Помошник ГДР, и овластен државен ревизор;
- Катица Николовска - Ревизор;
- Билјана Сурлевска – Ревизор,и
- Катерина Чаловска - Помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***
______________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 04.01.2006 година со писмо број 1404-12/1 примени се забелешки по Предходниот извештај на овластениот државен ревизор од одговорното лице на субјектот за периодот кој е предмет на ревизија. Истите се разгледани и е констатирано дека немаат елементи на забелешки, бидејќи не се наведени конкретни точки од наодите по кои субјектот е незадоволен и може да даде забелешки, поради тоа се отфрлаат како неосновани..

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.1.1. Општина Вруток нема воспоставен систем на редовна внатрешна сметководствена контрола, што е спротивно на член 17 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Немањето на редовна внатрешна сметководствена контрола овозможува ненаменско трошење на јавните средства и зголемени трошоци.

**Препорака:**

Да се почитуваат одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници поточно член 17 и општина Гостивар да воспостави систем на редовна внатрешна сметководствена контрола.

11.1.2. Не е извршен попис на средствата и изворите на средства со состојба на 31.12.2004 година, согласно одредбите на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, што доведува до можност за нереално прикажување на состојбата на материјалните средства и нивните извори. Причината за ваквиот начин на работење се должи на непознавањата на законската регулатива од областа на сметководството и финансиите.

**Препорака:**

Да се преземат мерки и активности Комисијата за попис да врши попис на средствата и изворите во согласност со законските прописи, и да врши задолжително усогласување на состојбата на средствата и нивните извори, меѓу фактичката и сметководствената состојба.

**11.2. Неправилности во искажување на приходите и расходите**

11.2.1. Вкупните приходи и вкупните расходи се нереално искажани за износ од 188 илјади денари, поради пресметковно евидентирање на приходи и расходи спротивно на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, остварени кај

сметката на буџетот а евидентирани и кај сметката на Органот на општина Вруток. Причината е во неажурното евидентирање во сметководствената евиденција кое доведува до можни грешки и нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

При евидентирање на финансиските трансакции кај сметките на општината истото да се врши со крајна внимателност и сериозност како не би настанувале грешки од овој вид.

11.2.2. За износот на искажаните расходи во вкупна вредност од 330 илјади денари финансиската документација е некомплетна: нема работни налози, фискални сметки, испратници, не е наведено кој ја подигнал стоката или кој е корисник на услугата, нема решение или Одлука од Советот или нема никаква документација, спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и тоа:

- на ставка Патни и дневни во износ од 32 илјади денари;
- на ставка Материјали во износ од 88 илјади денари;
- на ставка Тековно одржување во износ од 17 илјади денари;
- на ставка Други оперативни расходи во износ од 166 илјади денари,и
- на ставка Трансфери до непрофитни организации во износ од 27 илјади денари.

Немањето соодветни интерни контролни постапки и исплати непоткрепени со исправна и комплетна документација, доведува до зголемени расходи и можни измами.

**Препорака:**

Секоја исплата на средства да биде поткрепена со соодветна валидна и уредно ликвидирана финансиска документација, согласно законските прописи.

11.2.3. Поради погрешна сметководствена евиденција ревизијата утврди нереално искажување на расходите во Билансот на приходи и расходи, спротивно на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за корисниците на буџетите и тоа:

- Ставката Нето основни плати и надоместоци е преценета за вкупен износ од 115 илјади денари, за кој износ е потценета ставката Придонеси од плати и персонален данок, за погрешно евидентираните платени придонеси од плати и персонален данок;
- Ставката Комуникација и транспорт е преценета за вкупен износ од 9 илјади денари, за кој износ е потценета ставката Материјали за набавка на телефон и утикач за телефон и обрасци за завршна сметка
- Ставката Материјали е преценета за вкупен износ од 69 илјади денари, за кој износ е потценета ставката Други оперативни расходи за угостителски услуги и спонзорство на книга.
- Ставката Договорни услуги е преценета за вкупен износ од 21 илјади денари, за кој износ е потценета ставката Трансфери до домаќинства и физички лица во износ од 12 илјади денари, ставката Други оперативни расходи во износ од 2 илјади денари за користење на депонија и ставката Комуникација и транспорт за расходи за регистрација на возилото во износ од 7 илјади денари .
- Ставката Купување на мебел и канцелариска опрема е преценета за вкупен износ од 31 илјади денари, за кој износ е потценета ставката Трансфери до непрофитни организации, поради евидентирање на трансфер до политичка партија.
- Ставката Основно и специјално одржување е преценета за вкупен износ од 18 илјади денари, за кој износ е потценета ставката Купување на мебел и канцелариска опрема, за набавените маси од Јелак мебел 2002 од Гостивар.

Ваквиот начин на евидентирање создава нереална слика за направените расходи по сите основи.


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*
*Овластен државен ревизор*

**Препорака:**
При евидентирањето на расходите правилно да се применува Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план за буџетските корисници и Правилникот за класификација на расходите.

11.2.4. Ставката - Основни плати и наемнини во Билансот на приходи и расходи, во делот на потставката Основни плати- функционери е преценета во вкупен износ од 216 илјади денари, за исплатената нето функционерска плата на секретарот на Советот, за кој износ е потценета потставката Основни плати- работници. Наведеното е спротивно на Законот за исплата на плати во Република Македонија.
Поради непостоење на акт за пресметка на плата на погоре наведеното лица, во согласност со критериумите кои важат за органите на Општината, ревизијата не е во состојба да го квантифицира ефектот на претходниот наод врз вишокот на приходи над расходи.

**Препорака:**
При исплатата на платите треба да се почитуваат одредбите од Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица, за лицата кои имаат третман на функционери, а за останатите да се почитува Законот за исплата на плати во Република Македонија.

11.2.5. Направени се расходи во вкупен износ од 62 илјади денари по патни сметки од 2003 година кои не се евидентирани во сметководстводствената евиденција на општина Вруток како неизмирени обврски спрема вработените, спротивно на одредбите на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, истите се евидентирани при плаќањето, поради што не се предвидени како неизмирени обврски со Буџетот за 2004 година. Неевидентирањето на обврските во моментот на настанувањето придонесува за нереална состојба на обврските на општината.

**Препорака:**
Општините согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници да воведат соодветна сметководствена евиденција на обврските. Незмирените обврски од тековната година ќе бидат содржани во планскиот документ – буџетот за наредната година.

11.2.6. Ставката Комуникација и транспорт е преценета за износ од 16 илјади денари, за кој износ е потценет вишокот на приходи над расходи, поради пресметковно прикажани расходи за набавка на средства за одржување на хигиена за кои нема излез на парични средства од сметката на Органот, спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници

**Препорака:**
Да се почитува буџетскиот принцип на искажување на расходите, согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници

**11.3. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојбата**

11.3.1. Вкупната актива и вкупната пасива кои на 31.12.2004 година во Билансот на состојба се искажани на износ од 4,701 илјади денари се нереално помалку искажани за 270 илјади денари, поради неосновано намалување извршено со корекција – исправка на износот искажан на позицијата Побарувања од вработените од 301 илјади денари на 31 илјади денари и со погрешно искажување односно намалување на позицијата Пасивни временски разграничувања каде наместо 376 илјади денари искажани се 106 илјади денари, спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. За напрвените корекции на ревизијата не и беа презентирани соодветни документи и не и беше дадено адекватно објаснување. Ваквиот начин на евидентирање придонесува до нереални билансни позиции.

**Препорака:**
Лицето задолжено за изготвување на финансиските извештаи да не прави неосновани исправки во сметководствената евиденција без да се поткрепени со уредно ликвидирана сметководствена документација .

11.3.2. Позицијата Парични средства во Билансот на состојбата е прецeнета за износ од 1,255 илјади денари и за истиот износ е прецeнета позицијата Пасивни временски разграничувања, за невратените средства од сметката на Органот на сметката на Буџетот на општина Вруток, што е спротивно на член 36 од Законот за буџетите.
**Препорака:**
Надлежното одделение за сметководство да го почитува Законот за буџетите поточно член 36 од законот.

11.3.3. Надлежните служби во општина Вруток не презеле никакви мерки за наплата на побарувањата од минати години во вкупен износ од 376 илјади денари. Состојбата на позицијата Побарувања од фондот на износ 75 илјади денари и на позицијата Побарувања од вработените на износ од 301 илјади денари искажани во Билансот на состојба на 31.12.2004 година потекнува од минати години, а на ревизијата не и беше образложен основот на овие побарувања, ниту и беше дадена на увид документацијата за овие побарувања од минатите години односно од денот на настанување на истите, евидентирање без валидна документација придонесува до појава на нереални билансни позиции.
**Препорака:**
Надлежното одделение да ги преземе сите законски мерки за наплата на дадените аванси како не би се довеле во состојба истите да застарат.

11.3.4. Ставката Активни временски разграничувања и ставката Краткорочни обврски во Билансот на состојба се потценети во износ од 62 илјади денари, поради непресметаниот персонален данок на исплати на физички лица по основ на договор на дело, спротивно на Законот за персонален данок на доход. За исплатите на физички лица не се пресметува и плаќа персонален данок со образложение дека не се знае за оваа обврска.
**Препорака:**
При исплати во пари или давања во стоки и услуги на физички лица по основи кои не се во ослободувањата согласно одредбите од Законот за персонален данок на доход, треба да се пресмета и плати персонален данок .

11.3.5. Поради погрешна сметководствена евиденција на вишокот на приходи од 2004 година, ревизијата утврди нереално искажување на краткорочните обврски во Билансот на состојба, спротивно на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за корисниците на буџетите. Ставката Обврски спрема добавувачи во земјата е прецeнета за износ од 1.255 илјади денари, за кој износ е потцeнета ставката Пасивни временски разграничувања.
**Препорака:**
Надлежното одделение за сметководство во општина Гостивар да преземе мерки за елиминирање на овие неправилности и да изврши соодветни исправки во книговодствената евиденција со цел да презентира реални финансиски извештаи.

11.3.6. За искажаната состојба на позицијата Материјални средства и Извори на капитални средства во Билансот на состојба ревизијата се оградува од реалноста на истата од причина што не и беше доставена на увид аналитичка евиденција на материјалните средства, на пресметаната амортизација на тие средства и нема имотни листи за имотот со кој располага општината како и поради неспроведување на Решението за пренесување право на сопственост на недвижен имот од Република


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

Македонија на општина Врутокврз основа на спроведен делбен биланс, број 23-257/20 од 08.02.2000 година.

**Препорака:**

- Општина Гостивар да обезбеди имотни листи од надлежниот орган односно од Републичката геодетска управа за имотот добиен од општина Вруток;
- Да се евидентира имотот добиен согласно решението број 23-257/20 од 08.02.2000 година во сметководствената евиденција. За утврдување на вредноста да се формира стручна комисија,и
- Потребно е да се изврши обележување (инвентарисување) на основните средства со кои располага Општина Вруток.
- Да се отворат материјални картици за опремата со која располага Општината.

**11.4. Ненаменско и незаконско користење на средства**

11.4.1. Направени се расходи без предходно обезбедени средства со буџетот на општината за 2004 година во износ од 291 илјади денари, а кои се однесуваат за позицијата Тековни трансфери и субвенции кое придонесува за ненаменско трошење на средствата со кои располага единицата на локалната самоуправа.

11.4.2.Неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки:

- Извршени се набавки на стоки и услуги во вкупен износ од 325 илјади денари спротивно на член 48 од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ 21/02) и на член 72 од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ 19/04).
- Не е донесен интерен акт – Правилник за регулирање на начинот и постапката на набавките од мала вредност, и
- Не се води посебна евиденција за малите набавки.

Неспроведување на постапките за јавни набавки соглано Законот за јавни набавки создаваат можност за фаворизирање на одредени фирми, ја спречуваат конкуренцијата и придонесуваат за набавки по зголемени цени.

**Препорака:** Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката.

12. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 11.2. е преценување на расходите и потценување на вишокот на приходи над расходи за вкупен износ од 16 илјади денари во Билансот на приходи и расходи за 2004 година. Вкупниот ефект од наодите во точка 11.3. е преценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2004 година во вкупен износ од 1,193 илјади денари.

13. Според наше мислење поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1 до 11.4., финансиските извештаи на Органот не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на единицата на локална самоуправа Вруток под 31 декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките од 11.1. до 11.4., кај единицата на локална самоуправа Вруток не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

**Скопје, 09.01.2006 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

**ОРГАН НА ЕЛС ВРУТОК**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | | 0 | 18 |
| Трансфери и донации | 3.3. | 5,562 | 4,547 |
| **Вкупно приходи** | | **5,562** | **4,565** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.1.1. | 2,244 | 2,352 |
| Стоки и услуги | 3.1.2. | 1,302 | 255 |
| Тековни трансфери и субвенции | 3.1.3. | 295 | 26 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **3,841** | **2,633** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 466 | 1,930 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **466** | **1,930** |
| **Вкупно расходи** | | **4,307** | **4,563** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **1,255** | **2** |

**ОРГАН НА ЕЛС ВРУТОК**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1,255 | 2 |
| Побарувања | 4.1.2. | 75 | 75 |
| Побарувања за даноци, придонеси и други давачки | 4.1.3. | 301 | 301 |
| Залихи | 4.1.4. | 141 | 141 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1,772** | **519** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | | |
| Други капитални вложувања | 4.2.1. | 3,199 | 2,764 |
| **Вкупно капитални средства** | | **3,199** | **2,764** |
| **Вкупна актива** | | **4,971** | **3,283** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 1,255 | 2 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | 376 | 376 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **1,631** | **378** |
| **Извори на капитални средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 3,340 | 2,905 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | | **3,340** | **2,905** |
| **Вкупна пасива** | | **4,971** | **3,283** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| О П И С | Државен јавен капитал (извори на капиталните средства со кои располагаат и управуваат буџетите и фондовите) | Останат капитал (залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2003 година** | **2,905** | **-** | **2,905** |
| **Зголемување по основ на:** | **435** | **-** | **435** |
| Набавки | 435 | - | **435** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Отпис на капитални средства | - | - | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | | **-** |
| Амортизација | - | | **-** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **3,340** | **-** | **3,340** |

## *ПРИЛОГ БРОЈ 1*

Преглед на извршени набавки спротивно на член 48 и 72 од Законот за јавни набавки

Во 000 денари

| Р.бр | Предмет на набавка | Добавувач | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | телефон Панасоник и утикач за телефон | ТП Филипс-Гостивар | 5 |
| 2 | средства за хигиена | нема документи | 16 |
| | | Ексима ДООЕЛ- Скопје | 22 |
| | | Били компјутер-Гостивар | 4 |
| | | Евро Нет- Гостивар | 6 |
| 3 | канцелариски материјали | Легал ДОО-Гостивар | 23 |
| 4 | прехранбени продукти | Интер импекс --Гостивар | 12 |
| 5 | живини сијалици и арматури | Елинг- Гостивар | 25 |
| 6 | авто делови | Рурем -Гостивар | 12 |
| 7 | бетон | Ел- транс -Гостивар | 37 |
| 8 | цемент и усјемал | Унион Проект инженеринг-Гостивар | 145 |
| 9 | канцелариски мебел- четири фурнирани маси | Јелак мебел 2002 ДОО-Гостивар | 18 |
| | **Вкупно** | | **325** |